SMART Balkans
Civil Society for Shared Society in the Western Balkans

ОДС
ОРГАНИЗАЦИЈА ЗА ДОМУВАЊЕ И СТАНАРИ

# ПРИРАЧНИК

## за активно учество во процеси на одлучување за соодветно домување и млади



Norway

CPCD Centar za promociju civilnog društva

CRPM Center for Research and Policy Making

IDM Institute for Democracy and Mediation

СКОПЈЕ, ОКТОМВРИ 2023

# СОДРЖИНА


Вовед 04

(Соодветно) домување за млади 06

Што всушност е соодветно домување? 06

Зошто баш домување за млади? 09

Домување по мерка 12

Каде живееш? 14

Како го замислуваш твојот дом? 15

Како до промена? 16

Информирај се! 17

Организирај се! 20

Активирај се! 22

Што можам јас да направам? 24

Заклучок 27

Корисни линкови 28

# ВОВЕД

Во последните години темата домување е меѓу најактуелните во светски рамки. Кај нас таа срамеживо се појавува во медиумскиот простор кога се зборува за број на новоизградени станови, или за цените на пазарот на недвижности, или во секојдневните разговори кога треба да се реновира или менува живеалиште. Сепак, домувањето останува тема во ограничени кругови и не предизвикува масовен интерес.

Нашата досегашна работа не води во правец на потреба од зголемување на знаењето за важноста на домувањето во поширок општествен контекст, особено кај целната група млади, а се со цел да се одговори на потребите за негово правилно планирање и остварување на неговата клучна улога – поквалитетен живот. Изработените анализи ни укажуваат дека младите имаат ограничено знаење и можности поврзани со соодветно домување, но и дека немаат организациони облици преку кои се застапуваат за подобрување на сегашните услови за домување кај младите.

Овој прирачник треба да биде наменет за младите кои се заинтересирани да учествуваат во процесите на донесување одлуки поврзани со соодветно домување. Направен е како кратко четиво кое треба да разбуди интерес за темата, да поттикне на размислување и да иницира промена во ставовите поврзани со квалитетно домување, но и да повика на акција за тоа да стане достапно за младите лица.



Изнесените препораки и заклучоци се резултат на директна комуникација со различни групи на млади луѓе во изминатата година и специјално организрани работилници во рамки на проектот „**Активни млади за соодветно домување**“.

„Домувањето претставува место кадешто се чувствуваме сигурно и безбедно, кадешто можеме да ја градиме нашата иднина самостојно, и токму затоа е потребна поддршка и соработка од сите институции, граѓански организации и граѓани во подобрувањето на условите за живот на сите млади лица“

Организација за домување и станари ОДС Скопје, во својата мисија се стреми кон создавање на услови за пристојно и пристапно домување за сите и можности за избор на пристојно живеалиште. Нашата визија е пристојно и пристапно домување и заштитени станарски права. Низ нашата работа во изминатиот период ја имаме изработено анализата „Младите и домувањето“ во која нотираме дека „отсуствуваат  материјали од каде граѓаните, особено младите, би можеле едноставно да се информираат за можностите за домување и како да ги остварат своите права во сферата на домувањето“, како и потребата „да се изврши мобилизирање на младинските организации, да се организира застапување за значајно вклучување на младите при обликувањето на политиките кои се однесуваат на домувањето, и барањето за издвојување на сегменти кои ќе ги рефлектираат и ќе одговараат на потребите на младите во генералните политики за домување“. За истакнување е и констатацијата дека „студентите кои живеат во студентските домови многу ретко се активни во граѓанските организации, а тоа најтесно е поврзано со нивната стипендија и висок постигнат успех за да може да го задржат местото во домот“.

Овој прирачник ги адресира претходните сознанија и дава можност да биде користен од страна на граѓанските организации кои работат со млади или индивидуално од страна на млади лица, но е и корисна литература за секој кој е заинтересиран за темата соодветно младинско домување.

Соодветното домување е од суштинско значење за да им се овозможи на поединците да го остварат своето право на слобода на изразување и собирање, бидејќи обезбедува безбедна и сигурна средина за поединците да го кажат своето мислење и да се соберат со други. Тоа ја промовира поврзаноста на домувањето со сите други аспекти на правилниот раст и целосен развој на потенцијалот кај младите лица, вклучително и развој на свесноста на домувањето како право.

## Што всушност е соодветно домување?



Соодветното домување е признаено како дел од правото на соодветен животен стандард во член 25 од Универзалната декларација за човекови права од 1948 година и во член 11.1 од Меѓународниот пакт за економски, социјални и културни права од 1966 година. Оттогаш и други меѓународни договори за човекови права го признаваат или упатуваат на правото на соодветно домување или некои негови елементи, како што е заштитата на домот и приватноста. Правото на соодветно домување не треба да се толкува тесно, туку на него треба да се гледа како на право да се живее некаде во безбедност, мир и достоинство.

Според „Декларација за градовите и другите човекови населби во новиот милениум“ од јуни 2012 година усвоена на Генералното собрание на ОН под соодветно домување се подразбира здраво, безбедно и финансиски достапно домување кое ги вклучува и основните комунални услуги, сообраќајната пристапност, можноста за слобода на избор на граѓаните, како и правната сигурност на корисниците на становите.



***Клучни елементи на правото на соодветно домување се:***

**Соодветното домување мора да обезбеди повеќе од четири ѕида и покрив.** Мора да се исполнат голем број услови пред да се смета дека одредени форми на засолниште претставуваат „соодветно домување“.

**Безбедност на владеењето:** Домувањето не е соодветно ако неговите станари немаат одреден степен на сигурност на владеењето што гарантира правна заштита од присилно иселување, вознемирување и други закани.

**Достапност на услуги, материјали, капацитети и инфраструктура:** Домувањето не е соодветно доколку неговите жители немаат безбедна вода за пиење, соодветни санитарни услови, енергија за готвење, греење, осветлување, складирање храна или отстранување на отпадот.

**Погодност за живеење:** Домувањето не е соодветно ако не гарантира физичка безбедност или не обезбедува соодветен простор, како и заштита од студ, влага, топлина, дожд, ветер, други закани по здравјето и структурни опасности.

**Пристапност:** Домувањето не е соодветно ако не се земат предвид специфичните потреби на обесправените и маргинализираните групи.

**Локација:** Домувањето не е соодветно ако е отсечено од можности за вработување, здравствени услуги, училишта, центри за згрижување деца и други социјални установи или ако се наоѓа во загадени или опасни области.

**Културна адекватност:** Домувањето не е соодветно ако не го почитува и не го зема предвид изразувањето на културниот идентитет.



Правото на соодветно домување содржи слободи, кои вклучуваат:

> **• Заштита од присилно иселување, уништување и уривање на нечиј дом;**
>
> **• Право да се биде ослободен од било чие мешање во домот, приватноста и семејството; и**
>
> **• Право да се избере живеалиште, да се определи каде да се живее и да се има слобода на движење.**

Правото на соодветно домување содржи права, кои вклучуваат:

> **• Безбедност на статусот;**
>
> **• Враќање на станови, земјиште и имот;**
>
> **• Еднаков и недискриминаторски пристап до соодветно домување; и**
>
> **• Учество во донесувањето одлуки поврзани со домувањето на национално и ниво на заедницата.**

Правото на соодветно домување е релевантно за сите држави, бидејќи сите тие ратификувале барем еден меѓународен договор кој се однесува на соодветно домување и се обврзале да го заштитат правото на соодветно домување преку меѓународни декларации, планови за акција или документи за резултатите од конференцијата.

Во македонски контекст, соодветното домување е регулирано во Закон за домување, во член 8, став 3 и вели „Соодветно домување освен елементите на минимално домување вклучува соодветна приватност и простор, физичка достапност, безбедност, конструктивна стабилност и трајност, осветлување, греење и вентилација, основна инфраструктура како што се довод, одвод и собирање на смет, квалитет на околината и фактори поврзани со здравјето, како и пристапност во однос на работата и основните услуги“

# Зошто баш домување за млади?

Домувањето не е статична категорија и низ животниот век треба да биде поддршка во секојдневните активности, а младоста е период во кој се случуваат најголемите животни промени и се донесуваат одлуките кои понатаму може да го дефинираат текот на животот. Домот треба да биде прилагоден на големината на семејството, да биде во близина на случувања кои го олеснуваат функционирањето на неговите членови, позитивно да влијае на психо-физичкото здравје и да гарантира економска, социјална и културна интеграција. Неопходно е да се спомене дека домувањето се вкрстува со различни социо-економски и културни фактори, како што се сиромаштијата, невработеноста и високите трошоци за живот кои може да им отежнат на младите луѓе да најдат и одржуваат соодветен дом.

Во таа насока, потребно е дополнително внимание, помош и поддршка за секој млад човек да може да го развие својот потенцијал и активно да се вклучи во сите општествени процеси. Домувањето по своето суштинско значење треба да обезбеди безбедност и сигурност во овој период, но и да го овозможи развојот на интересите на младиот човек. Затоа, кога зборуваме за домување на млади се осврнуваме на три клучни фази кои младите ги доживуваат помеѓу 15 и 29 години. Исклучително е важно да се разграничат фазите заради спецификите кои ги носат со себе, но и заради различните потреби кои младиот човек ги бара од своето живеалиште.



### Фаза 1: Живот во семеен дом, на возраст меѓу 15 и 18 години

Иако статистички ова се сеуште деца, сепак се дел од групата на млади. Вообичаена пракса е младите на оваа возраст да живеат со своите семејста или по исклучок да се згрижени во групни домови, ако се без родителска грижа. Во оваа фаза тие воопшто не се грижат за домувањето и зависат од условите кои семејството или институцијата може да ги обезбеди. Сепак нивниот развој и место во заедницата е под влијание на условите за домување и може да го дефинира општествениот статус на личноста.

### Фаза 2: Студентски живот, на возраст меѓу 18 и 25 години

Следејќи ги статистиките и трендовите кај нас, најголемиот дел од младите го оформуваат своето образование со завршување на студиите. Ова е периодот на слобода и забава, градење на мрежи на пријателства и период на поголема интеракција со околината. Нашите истражувања евидентираат дека повеќето студенти кои се од Скопје живеат во заеднички домови со своите родители, а тие што се студенти од други градови живеат или во студентски домови или заедно со цимери во изнајмен стан. Оттука ова може да е и период и на првите обврски поврзани со домување и соочување со реалност различна од животот во семеен дом.

### Фаза 3: Живот на постар младинец, меѓу 25 и 29 години

Очекувано е дека во овој период младиот човек ќе се обиде да ја најде својата прва стабилна работа, ќе започне сериозна љубовна врска или ќе размислува за брак, некои веќе ќе имаат формирано свое семејство во кое можеби има и деца, итн. Природно, човекот на таа возраст ќе се соочи со потребата да се осамостои, да излезе од заедничкиот дом во кој дотогаш живеел (семеен или живеалиште кое се дели со цимери). Ова е периодот во кој детално се размислува за начин да се обезбеди долготрајно живеалиште, во сопственост или под закуп.

Разграничувањето на овие фази имаат за цел ве натераат да размислите подлабоко на темата и да потсетат дека иако младинското домување се поистоветува со студентското домување, станува збор за два различни концепти кои може да се испреплетат, но не мора. Фазите кои се опишани не се строго одделени и во многу случаи нивните карактеристики може да бидат присутни порано или подоцна од наведените возрасни граници, а може и да се одликуваат со сосема различни карактеристики доколку станува збор за претставници на маргинализирани, дискриминирани или социјално исклучени заедници. Она што е важно е да не се изоставува комплексноста и разнородноста на групата млади, а со тоа да се внимава како се применува дефиницата за соодветност на домувањето за неа. Во понатамошниот текст на прирачникот избираме да се фокусираме на младите над 18 години, затоа што тие ги чувствуваат и живеат предизвиците поврзани со домување, но и имаат реални можности за вистинска интеревенција за промена.







# ДОМУВАЊЕ ПО МЕРКА

Гледано низ призмата на принципот заснован на човекови права, правото на домување е човеково право кое е од клучно значење за здравјето, достоинството, безбедноста, вклученоста и придонесот на една личност во својата заедница. Без соодветно домување, тешко е да се добие или да се задржи работа, да се има пристап до здравствена заштита, да се има соодветна санитација, да се справи со ментални болести или да се биде вклучен во образование. Тоа треба во себе да содржи принципите на недискриминација, вклученост, учество и одговорнот.

Сепак не постои единствено и едноставно решение за тоа како да се задоволи соодветноста на домувањето во генерален контекст, туку е важно да се почитува сегментацијата на населението според различните карактеристики, во нашиот случај на младите. За да зборуваме за квалитетот на домувањето треба да се земат во предвид условите во домот, но и квалитетот на социјалната и физичката средина во која се наоѓа домот и неговите економски аспекти.



| Состојба на домот (квалитет на живеалиште) | Местоположба на домот (животна средина на живеалиштето) | Исплатливост на домот (економските аспекти на живеалиштето) |
| --- | --- | --- |
| Енергетска состојба - енергетска ефикасност и енергетска сиромаштија (тука се и статистичките индикатори дали домот има добар кров или влага, дали е поврзан со вода, канализација, струја итн) | Има доволно природа во опкружувањето, транспортот е навремен, пристапен и еколошки, урбаното планирање е соодветно, се внимава на пристапност и социјална кохезија, итн. | Потребни финансии за купување или изнајмување на домот (кредит или кирија) и поврзаност со приходите во семејството. |
| Доволно простор или е пренаселен (особено важно за развојот на децата и младите, образовно и емотивно)<br><br>- Директно поврзано со физичко и ментално здравје | Во близина има можност за практикување на економски, социјални и културни права. (лесно се стигнува до градинка, школо или работно место, има можност за спорт и рекреација, има културни установи или јавни простори за разни содржини, итн)<br><br>- Директно поврзано со социјално исклучување | Потрошувачката во домаќинството - сметки и други издатоци.<br><br>- Директно поврзано со сиромаштија. |

Потребата да се направи нешто повеќе и желбата да се напредува ги носи младите кон градовите и местата кои им нудат места за образование и работа и ваквиот тренд се поврзува со податоци кои неодамна ги објави Светска банка, а велат дека мнозинството од луѓето на светот до 2030 година ќе живеат во урбана средина. Ова е причина градовите да работат на својот развој и да обезбедат соодветна инфраструктура за да може да ги задоволат потребите на своите жители. Во оваа насока, а водено од фактот дека градот во најголем дел е сочинет од домувањето, тоа треба соодветно да е поврзано со услугите кои ги нудат градовите – превоз, здравство, образование, се со цел граѓанинот да има здрав живот и непречен развој. Само така домувањето може да биде по мерка на секој граѓанин, вклучително и на младите.

# Каде живееш?

Ова е најчесто поставуваното прашање за време на нашиот животен век. Ако се направи кратка анализа на одговорите тогаш е јасно дека кога го дефинирате своето место на живеење првата работа која ја објаснуваме е околината во која се наоѓа нашиот дом. Па тоа може да се „зелените згради после паркот“ или „во центар, кај Железничка“ или „зад пазарот“. Овие одговори ја потврдуваат поврзаноста на домот со околината е во нераскинлива врска и тесно го дефинира развојот на личноста, му помага кон подобра психо-физичка состојба или го исклучува од секојдневните активности.

Најчесто ова се и најважните карактеристики поврзани со домувањето за еден млад човек преку кои тој може да демонстрира општествен статус, припадност или обележје на својата група, што дополнително му ја зајакнува важноста. Тие се дел од соодветноста на домувањето, но може и да му претставуваат причина за дискриминација, стигматизација или социјално исклучување на младиот човек доколку не се блиску до општествено прифатените или вообичаените норми за домување. Затоа е особено важно кога се зборува за домување тоа да се гледа во интегрирана целина.
Кој е твојот одговор на ова прашање?



# Како го замислуваш својот дом?

Ако во претходниот дел фокусот беше кон надвор, замислата за домот води кон условите кои овозможуваат квалитет на живот поврзан со доволно топлина и светлина, пристап до вода, санитација и енергија, квалитетни материјали на градбата, изолација и безбедност, пространост, удобност и конфор сето ова во поддршка на добро ментално и физичко здравје, пријатна средина за одмор и социјализација и непречено функционирање според потребите. Квалитетот на домувањето е мерлива и споредлива категорија ако се гледа во однос на основни и соодветни услови и претставува важна компонента во човековиот развој.

Во денешната популарна психологија често ја сретнуваме фразата „не можеш да оствариш, ако не замислиш“, па затоа те прашуваме, како ти го замислуваш својот идеален дом? Истово прашање им беше поставувано и на различни групи на млади луѓе на возраст од 18 до 25 години и за сите нив беше збунувачко. Носени од секојдневието, обврските, тековните активности, никогаш не размислувале за тоа што сакаат, туку најчесто се прилагодуваат на она што можат, што им е достапно и до каде веруваат дека е остварливо. Сепак, по неколку минути во тишина, сликата за замислен дом од млади луѓе имаше многу зеленило, голем двор, светлина, желба да биде во близина на центар, да биде безбеден и простран дом, од него лесно да може да се дојде до работа, факултет или на некој настан.

Овие одговори ги рефлектираат потребите на младите кои во моментов не им се задоволени и претставуваат сериозен индикатор дека не им се посветува доволно внимание. Наспроти желбите тие најчесто живеат во загаден и бучен град кој не им нуди доволно безбедност, ги истоштува економски, а истовремено ги става во позиција на немање избор што доведува до разочарување.

# КАКО ДО ПРОМЕНА?

Не може да се застапувате за промена само врз основа на чувство и потреба, доколку не сте доволно запознати со актуелните состојби и немате доволно знаење на темата во која сакате да направите интервенција. Затоа овој прирачник има обемен теоретски дел пред да зборуваме за тоа како може да се направи промената.

Како продолжение на претходниот дел, во овој се обидуваме да ги охрабриме младите да дојдат до својот замислен дом преку потенцирање на важноста на нивното директно учество во процесите кои водат до креирање на политиките со кои се одлучува форматот и обемот на домувањето на млади, како и тоа нивната интервенција тоа да биде соодветно за нив. Го потенцираме учеството како можност директно да сее бара она што се замислува и посакува, наместо да се адаптира на она што се нуди.

Соодветното домување и младите се тесно поврзани со целите на слободата на изразување и слободата на собирање и здружување, како и учество на граѓанското општество во одлучувањето на локално ниво. Улогата на младите во застапувањето за нивните права на соодветно домување  е клучна, затоа што тие најдобро ги идентификуваат потребите и проблемите со кои се соочуваат. Понатаму, обезбедувањето учество на младите во одлучувањето на локално ниво е од клучно значење за да се осигури дека потребите за домување на младите луѓе се ефикасно адресирани. Учеството во процесите е важно и за да се обезбеди сигурност на изнајмувачите, кои во најголем дел се млади луѓе, и чии примања во најголема мера се користат за плаќање на прекумерни кирии за изнајмување, кои не секогаш соодвестуваат со реалната вредност на станбениот простор.

Наједноставно, повторуваме три чекори за активно учество што младите можат да ги преземат за да бидат вклучени и да добијат значајно место во овие процеси.



# Информирај се!

Не критикувај без да предложиш промена и да имаш барање за подобрување на состојбата. Искористи доволно време за да собереш доволно знаење, да си добро и точно информиран, но и да побараш поддршка доколку е потребна.

Законската регулатива во Република Северна Македонија го препознава домувањето како право и го уредува преку Законот за домување. Во него, во делот за Правата и обврските на единиците на локалната самоуправа во домувањето, конкретно во член 100 е предвидена „Годишна програма за домување, и во став 1 е јасно образложено „Општините, општините во градот Скопје и градот Скопје во рамките на своите надлежности, а во согласност со овој закон и државната стратегија за домување, ги следат и планираат потребите за домување на своето подрачје за што донесуваат годишна програма и преземаат мерки и активности за нејзина реализација, а во согласност со програмата од членот 99 на овој закон.“

Поврзано со него, Законот за младинско учество и младински политики преку уредувањето на работата на Локалните младински совети на претставниците во него меѓудругото, имаат право да „предлагаат точки на дневен ред на Советот на општините, општините во градот Скопје и градот Скопје кои ги засегаат младите“ и да „иницираат прашања за млади од делокругот на работата на општините, општините во градот Скопје и градот Скопје“. Оттука, Локален младински совет може да иницира прашање поврзано со младинското домување, од аспект на:

1) обезбедување на комунална инфраструктура потребна за нормално функционирање на станбениот простор;

2) обезбедување на фондови и средства за изградба и издавање на станови со непрофитни, односно субвенционирани закупнини наменети за привремено решавање на станбените потреби на лица во социјален ризик, со површина не поголема од 45 м2 без можност на купување на станот;

3) обезбедување на разни форми на сопствено или изнајмено домување кое се дава под закуп;

4) обезбедување на фондови за поттикнување на изградба на станови од страна на граѓаните и

5) водење евиденција на станбените згради и станови дадени под закуп.

Важно е да се знаат и кои се официјалните **институции** кои се бават со темата и го организираат домувањето на ниво на политики. За почеток доволно е да се знае дека Министерството за транспорт и врски е одговорно за уредување на просторот и станбено-комунални работи и инфраструктура, Министерството за труд и социјална политика е одговорна за социјалното домување, Министерството за образование и наука е одговорно за студентското сместување, дејностите на АДСДП (АД за изградба и стопанисување со станбен простор и со деловен простор од значење за Републиката – Скопје) се однесуваат на изградба и стопанисување со станбен простор и со деловен простор од значење за Републиката, а Регулаторната комисија за домување меѓудругото се грижи за квалитетно задоволување на станбените потреби на населението, согласно со современите стандарди за квалитетен живот, заштита на животната средина и природата.

Доколку ти е тешко да се снајдеш со регулативата и институциите, или ти е потребна информација за нешто конкретно, секогаш може да се обратиш до **граѓански организации и студентските форми на организирање**. Како помош, предлагаме да се консултираш со:

• Организација за домување и станари ОДС Скопје, која е единствената граѓанска организација која работи на заштита на потстанарските права, се залага за фер и еднакви можности за сите граѓани преку подобрување на квалитетот на домувањето, а притоа се служи со светски докажани добри примери усогласени на нашиот национален контекст и потреби.

• НМСМ (Националниот младински совет на Македонија) е претставничко тело на младинските организации во Македонија. НМСМ обединува 46 организации: 16 младински организации, 15 организација за млади, 1 сојуз, 6 подмладоци на други организации и 8 придружни членки, со цел да се промовираат и застапуваат младите и правата на младите во Македонија.

• Македонското здружение на млади правници (МЗМП) е независна, непрофитна професионална организација основана во 2003 година, која обезбедува правна помош и стратешки застапува за заштита на човековите права.

• Факултетските (ФСС) и универзитетските студентски собранија (УСС) се претставнички организации на студентите и се грижат за потребите на студентите, вклучително и за нивното домување.

Не ги изоставувајте и локалните младински совети во општините каде се формирани и службеници за млади кои ги има секоја институција и општина. Тие може да ви обезбедат информации или да ви одговорат на конкретни прашања, но имајте на ум дека тоа се млади луѓе за кои оваа тема е многу важна.

Ова не е еднократен и краткотраен процес, напротив, потребно е да се обезбеди континуирано следење на тековите и лична надоградба, но истовремено треба да се работи и на информирање на младинските активисти за прашања поврзани со домување и ефективни стратегии за застапување.



# Организирај се!

Доколку станува збор за специфичен проблем со кој се соочуваш во моменталното домување, најдобро е да собереш група истомисленици и да делувате заедно. Важно е да не мислиш дека ти си единствениот кој се соочува со тој предизвик и дека за него нема решение. Најпрво пробај да се распрашаш во твојата околина дали може некако да помогнат со претходно искуство, а ако не успееш продлабочи го истражувањето. Денеска интернетот нуди безгранични информации, па дури и да не најдеш конкретно решение, може да те насочи кон опции за акција. Не се обесхрабрувај доколку првиот обид не е успешен.

Од друга страна, обезбедување на соодветно домување за млади многу ретко се решава со индивидуален пристап и скоро секогаш е потребен колективен притисок за промена на актуелната состојба. Тој подразбира:

- Мобилизирање на повеќе млади кои се соочуваат со проблемот
- Длабинска анализа на интернационални искуства и политики кои може да ви послужат како основа за предлози за надминување на проблемот
- Анализа на националните и локалните состојби и трендови во областа на младинското домување и обезбедување на експерти со кои заедно ќе работите на предлог политики
- Едукација и подигнување на свесноста за домување од различни аспекти, на пример поврзано со градење на социјални мрежи на контакти, влијанието врз здравјето, раниот детски развој итн.
- Структурирање на постоечките човечки ресурси и мобилизирање на финансиски ресурси кои ќе ви помогнат за конкретни акции со кои сакате да ги направите видливи своите барања
- Градење на стратегија за комуникација, која мора да опфати директни пораки и сведоштва на млади кои живеат со проблемот
- Правење на план за собирање на поддршка од лица кои не се засегнати од проблемот, но ја разбираат неговата важност и би ги поддржале вашите предлози.

• Идентификување на точки за акција, вклучително и соодветни институции, тела и органи кои се одговорни за креирање и носење на политики поврзани со темата.

• Тесна соработка со локалниот совет за млади, што би значела меѓусебно координирање за важни локални иницијативи поврзани со младинското домување, заедички настап на темата и заедничко мобилизирање на пошироката заедница.

• Идентификување на потенцијални партнери од граѓанското општество или приватниот сектор.

• Идентификување на експерти на темата кои може да ги искористите како поддршка низ фазите.

Истите активности се применливи и доколку би сакале да направите промени во состојбите со кои се соочувате во студентските домови и состојбите во нив.



# Активирај се!

Активизмот е важен и на индивидуално и на колективно ниво. Некогаш е потребен само еден глас за да се создаде ехо, но некогаш здружени гласови формираат моќен хор. Затоа не се плаши да си гласен и користи ги сите можности да направиш колективна промена.

Во овој чекор треба да се примени организираната акција од претходниот:

• Искористете го правото на здружување, протест и демонстрации и искажете го јавно своето незадоволство

• Бидете иновативни и креирајте акции во простор кои ќе го визуелизираат проблемот и ќе го направат јасен во поширок контекст и за повеќе граѓани. Уметноста може да биде моќен медиум за пренесување пораки и вклучување на заедницата.

• Организирајте настани кои ќе ви послужат како алатка за градење на мрежа на поддржувачи

• Охрабрете ги младинските активисти во рамките на нивните организации или заедници да идентификуваат и да промовираат конкретни активности поврзани со  соодветно домување за млади.

• Користете ги сите канали за комуникација кои ви стојат на располагање, од присуство во медиуми преку изјави и учество во емисии, креирање дигитални содржини за поголема видливост, до испраќање писма до креатори и донесувачи на одлуки со конкрети барања за промена. Медиумското присуство може да помогне да се шири пораката и да се генерира поддршка.

• Застапување и лобирање: Научете ги младите активисти како да се вклучат со локални и национални креатори на политики. Ова може да вклучува пишување писма, телефонски повици, па дури и организирање состаноци со избраните функционери за да разговараат за прашања поврзани со домувањето

• Петиции и пишување писма: Охрабрете ги младите да креираат петиции и да пишуваат писма за решавање на конкретни проблеми поврзани со домувањето. Тие можат да им се претставаат на локалните власти и да се користат за собирање поддршка

• Не пропуштајте да обезбедите учество на места каде имате можност да бидете слушнати и да ги претставите своите барања за промена (на пример на седници на локални совети во општините, на јавни расправи по урбанистички планови, на состаноци на младинските совети во општините, на отворени тематски настани на институции каде ќе можете да се обратите, на состаноци на граѓански организации или активистички групи, итн)

• Актуелизирајте ја темата преку соработка со сродни активистички јадра со кои може да организирате заеднички акции
• Соработувајте со НВО и групи за застапување: Партнер со воспоставени организации кои работат на правата за домување. Тие често имаат искуство, ресурси и врски кои можат да бидат од корист за напорите на младинските активисти

• Искористете лични познанства за неформална комуникација или обезбедете формални состаноци со лица кои може да влијаат на промена на постоечката состојба, за да ги информирате и лобирате да ве поддржат.

• Промовирајте програма на Млади амбасадори за домување, кои се посветени млади активисти,  добро информирани и едуцирани на темата за да може да го претставуваат и застапуваат соодветното младинско домување на разни настани и во различни прилики.

• Прилагодувајте се, менувајте тактика, но не се откажувајте.

## Не заборавајте, бидете самите промената која сакате да ја видите!



Најважно: Сподели го прирачникот (или делови од него) со пријателите.

## Информирај се:

Инспирирај се на темата и креирај свој материјал кој е соодветен на групата која ја претставуваш.

Собери и сподели искуства од млади кои скоро го решавале своето домување, кои се нивните искуства и препораки.

Биди дел од интернационално искуство (на пример Еразмус размена или членство во интернационална организација) со фокус на младинско домување.

Иницирај работилница на факултет каде ќе може студентите да научат повеќе за правото на домување или да се информираат за постоечката регулатива.

Направи профил на некоја социјална мрежа преку кој ќе се иницира дискусија, ќе се споделуваат информации и повици за акција, сите поврзани со младинско домување.

Гостувај на онлајн, локални и национални медиуми за да ги потенцираш проблемите со станбените права, но и младинските активисти и организации кои работат на нивно решавање.

# Организирај се:

Иницирај своја група на истомисленици во која ќе разменувате идеи и ќе развивате концепти за подобро младинско домување или само додадете ја темата во групата која веќе постои на друга тема.

Организирај тематски форум за финансии, заеми, кредити и можности за градба и купување на недвижности.

Приклучи се во форуми или групи за дискусија и отвори тема за соодветно младинско домување каде ќе може да се дружите, споделувате идеи и развивате планови за акција.

Приклучи се на некоја младинска организација и наметни го домувањето како важна тема за младите.

Едуцирај и охрабри младинските активисти да го пренесат знаењето за правата за домување на своите врсници и да се вклучат во дискусии во училиштата и универзитетите.

Искористи ги онлајн платформите за мобилизација на млади, на пример постави онлајн отворен список во кој младите ќе може да ги запишат своите потреби поврзани со соодветно домување за нив.

# Активирај се:

Стани член на локален младински совет во својата општина.

Поттикни или организирај кампања за зголемување на информираноста и подигнување на свесноста за бездомништвото, пристапноста на домувањето или дискриминацијата при наоѓање дом.

Сними подкаст на тема домување со интересен гостин.

Организирај мал протест со своите истомисленици за да го привлечеш вниманието на прашањата поврзани со младинското домување, но внимавај да е добро испланиран и законски.

Организирај креативна кампања, во која млади ќе експериментираат со различни форми (изложби, уметнички инсталации, музика или театарски претстави) за да ги изразат своите грижи за состојбата со младинското домување.

Организирај состанок или собир во својата средина за да информираш и да побараш поддршка за младинските барања за соодветно домување.

# ЗАКЛУЧОК

Процесите се долги и понекогаш тешки, но не се невозможни и секогаш даваат резултати на долг рок, затоа не треба да се обесхрабрувате.

Младинското домување сеуште не во фокусот на политиките за домување во Република Северна Македонија, но не е изоставено од можностите да се делува на него и да се влијае за да биде соодветно за неговите корисници. Многу е важно застапувањето за содветно домување да биде на реални основи и да се однесува на сите млади.

Младите мора да се гласни и носители на промените кои сакаат да ги видат. Тие најдобро ги знаат своите потреби и приоритети и треба да добијат можност да учествуваат во обликување на политиките кои се однесуваат на младинското домување.



# КОРИСНИ ЛИНКОВИ

- https://hto.org.mk/ - Организација за домување и станари ОДС Скопје

- https://nms.org.mk/ - Национален младински совет на Македонија

- https://myla.org.mk/ - Македонско здружение на млади правници

- https://www.studentskisobranija.mk/ - Студентски собранија

- https://domuvanje.org.mk/02.php - Веб страница посветена на домувањето во станбени згради

- https://mon.gov.mk/ - Министерство за образование и наука

- http://www.mtc.gov.mk/ - Министерството за транспорт и врски

- http://adsdp.com.mk/ - АД за изградба и стопанисување со станбен простор и со деловен простор од значење за Републиката – Скопје

- https://www.rkd.gov.mk/ - Регулаторна Комисија за Домување

- http://www.mtc.gov.mk/stanbena-i-komunalna-izgradba-i-domuvanje/zakon-za-domuvanje - Закон за домување

- https://ams.gov.mk/legislation/zakon-za-mladinsko-uchestvo-i-mladinski-politiki-2019 - Закон за младинско учество и младински политики

- https://mon.gov.mk/stored/document/Zakon%20za%20studentskiot%20standard.pdf – Закон за студентскиот стандард

- https://www.iut.nu/ - International Union of Tenants (IUT)

- https://www.housingeurope.eu/ - Housing Europe

Прирачникот за активно учество во процеси на одлучување за соодветно домување и млади *е создаден со поддршка на регионалниот проект СМАРТ БАЛКАН - Граѓанско општество за поврзан Западен Балкан, кој е имплементиран од Centar za promociju civilnog društva (CPCD), Центарот за истражување и креирање политики (ЦИКП) и Институтот за демократија и медијација (ИДМ), а финансиски е поддржан од Министерството за надворешни работи на Кралството Норвешка.*

*Содржината на* Прирачник за активно учество во процеси на одлучување за соодветно домување и млади *е единствена одговорност на Органзиација за домување и станари ОДС Скопје и не мора да ги одразува ставовите на Centar za promociju civilnog društva (CPCD), Центарот за истражување и креирање политики (ЦИКП), Институтот за демократија и медијација (ИДМ) и Министерството за надворешни работи на Кралството Норвешка.*

# Прирачник за активно учество во процеси на одлучување за соодветно домување и млади

СКОПЈЕ, ОКТОМВРИ 2023

